МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) член 98 и член 99 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014) и члне 154 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ б р. 3/2006), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош бр. 09-8890/80 од 06.12.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 25/22), Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за конституирање на Совет за женско претприемништво на Општина Карпош распишува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за пријавување на заинтересирани лица за членување во Совет за поддршка на женското претприемништво на Општина Карпош

Цел на Советот за поддршка на женското претприемништво на Општина Карпош е да ги претставува и застапува интересите на актуелните и потенцијалните жени претприемачи во Општина Карпош преку давање мислења и препораки за прашања од интерес на женското претпиемништво и родовата рамноправност, креирање на планови, стратегии и политики за поддршка на жените претприемачи и економско зајакнување на жените.

Советот за поддршка на женскот о претпиемништво на Општина Карпош ќе има за цел да креира програми и да создава можности за финансиска поддршка на жените претпиемачи, како и да креира стимулативни програми за отпочнување на нови бизниси за жените кои имаат желба да отпочнат своја претприемничка приказан за економско зајакнување.
Советот за поддршка на женското претпиемништво го сочинуваат најмалку 19 (деветнаесет) членови. Членовите на Советот избираат претседавач и двајца заменици од својот состав.

На Јавниот повик може да учествуваат сите заинтересирани физички лица, претставници од бизнис секторот, претставници од образовниот сектор, претставници на невладини организации, здруженија на граѓани и граѓански активисти кои работата во областа на женските права, родовата еднаквост и економското зајакнување на жените.

Работата на Советот за поддршка на женското претпиемништво на Општина Карпош е јавна.
Учеството во Советот за поддршка на женското претприемништво на Општина Карпош е на доброволна основа.
За работа и учество во Советот за поддршка на женското претпиемништво на Општина Карпош не следува надомест.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават со доставување на своја Биографија и мотивационо писмо до архивата на Општина Карпош и/или на електронската адреса на координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош: violeta.mihajlovska@karpos.gov.mk

Огласот за пријавување трае 30 дена од денот на објавување на веб страната на Општина Карпош, сметано од 22.03.2023 година

Лицата чии апликации ќе бидат прифатени да бидат дел од Советот за поддршка на женското преттиемништво на Општина Карпош ќе бидат зивестени во писмена форма.

Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за конституирање на Совет за женско претприемништво на Општина Карпош

Претседател

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ •